**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-186/10**

**Скопје, 20.06.2007 година**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство – сметка за приходи наплатени од органи за 2006 година, кои се прикажани на страните 5 до 7

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство – сметка за приходи наплатени од органи (МЗШВ во понатамошниот текст) за 2004 година.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   – Садула Дураки, министер од 17.12.2004 година до 26.08.2006 година
   – Ацо Спасеноски, министер од 26.08.2006 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 4, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 01.03.2007 до 18.05.2007 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 08.06.2007 година под архивски број 1104 -186/8, примеми се забелешки по Претходниот извештај за извршената ревизија на сметката на приходи наплатени од органи за 2006 година, од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство кои се однесуваат на точките 10.2.1. и 10.3.1. Добиените забелешки се разгледани од страна на овластениот државен ревизор и истите не се прифаќаат поради не доставени дополнителни докази за констатираните наоди кои би ја смениле утврдената состојба во Претходниот извештај.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

11.1. **Неправилна примена на акти**

11.1.1. Министерството остварува приходи по основ на Законот за ветеринарно здравство за полагање на стручен испит за ветеринарен лекар кои приходи во 2006 година се проценети во износ од 450 илјади денари и приходи од издавање на ветеринарно-санитарна согласност за изградба, доградба и реконструкција на објектите за одгледување на животни, во износ од 1.535 илјади денари. Ревизијата не беше во можност да се увери во висината на надоместокот кој го утврдува министерот со решение, поради тоа што не и беше доставен на увид акт со утврдени критериуми за висината надоместокот од 10 илјади денари за полагање на стручен испит и 300 евра во денарска противвредност за ветеринарната согласност.

**Препораки и мерки :**

1. Министерот на МЗШВ да ги донесе интерните акти кои го регулираат основот за наплата на приходи врз основа на Законот за ветринарно здравство.

11.2. **Неправилности во искажувањето на приходите /расходите**

11.2.1. Спротивно Законот за шуми, Законот за сметководство за буџети и буџетски корисници и препораките дадени од страна на ревизијата во ревизорскиот извештај за 2004 година ЈП Македонски шуми не извршило уплата на средства по основ на проширена репродукција на шумите ни за 2006 година. Министерството за дел од обврските на Јавното претпријатие (ЈП) во вкупен износ од 39,223 илјади денари има извршено компензација

за меѓусебните побарувања и обврски која го нарушува начелото на парично искажување на приходите и расходите и има влијание на искажаните приходи и расходи во финансиските извештаи за 2006 година.
ЈП ,,Македонски шуми,, согласно член 7 од Законот за изменување и дополнување на законот за шуми не врши целосна уплата на средствата наменети за шумска полиција. Вкупната обврска на ЈП за оваа намена во 2006 год изнесува 25,564 илјади денари а претпријатието има уплатено 6,190 илјади денари. Ревизијата има обврска да истакне дека поради лошата финансиска состојба во која се наоѓа претпријатието, Владата на РМ во континуитет врши отпис на побарувањата на министерството од ЈП, при што во 2005 година отпишала вкупно 383,327 илјади денари по двата основа.
Оваа состојба има негативно влијание врз проширента репродукција на шумите го загрозува нивниот развој, се врши долгорочно намалување на шумскиот фонд во Р.Македонија и се оневозможува нормалното и рентабилно функционирање на шумската полиција.

**Препораки и мерки :**

1. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во соработка со Владата на РМ да превземе соодветни мерки и активности согласно Законот за шуми за наплата на приходите по основ на проширената репродукција на шумите и шумската полиција и зајакнување на капацитетот и финансиската состојба на ЈП Македонски шуми со цел да овозможи континуирано одржување и развој на шумите во Република Македонија.

11.3. **Ненаменско и незаконско користење на средствата**

11.3.1. Ревизијата констатира дека Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство од приходите остварени од проширена репродукција ненаменски потрошило 11,856 илјади денари за други расходи на министерството поради што Програмата за проширена репродукција на шумите за 2006 година и потпишаните Договори за пошумување, не се реализирале во целост.

**Препораки и мерки :**

1. Приходите кои се остваруваат за реализација на програмите да се користат наменски согласно донесените годишни програми и потпишаните договори за нивно целосно и успешно реализирање.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањето изнесено во точката 10.2.1. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство – сметка за приходи наплатени од органи под 31 Декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањето изнесено во точката 10.3.1. кај Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство – сметка за приходи наплатени од органи не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311*

*Овластен Државен ревизор*
--------------------------------------

14. Ревизијата има обврска да обелодени дека Министерството има евидентирано дадена позајмица во вкупен износ од 10.500 илјади денари на „Винарска визба„ - Повардарие АД Неготино врз основа на Договор за доделување на земјоделска подршка од 2003 година - со регистрација на залог - вино. Рокот на враќање бил утврден на 5 месеци од потпишувањето на Договорот. Министерството се обратило до Јавното правобранителство во Велес на 26.03.2004 година, со барање да поднесе Предлог до Основниот суд во Неготино да се изврши попис и проценка на заложените предмети и да ги предаде истите на владение на министерството. Оваа состојба до денот на ревизијата не е променета. Јавното правобранителство не постапило согласно барањето на министерството со цел да се проценат заложените предмети и истите да се стават во владение на министерството ниту министерството има направено дополнителни активности и ургенции за наплата на побарувањето.

**Скопје, 13.06. 2007 година** **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година

во 000 денари

| **Опис на позицијата** | **2006** | **2005** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 33.134 | 32.020 |
| Трансфери и донации | 710 | 1.992 |
| **Вкупно приходи** | **33.844** | **34.012** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 30.087 | 29.693 |
| Субвенции и трансфери | 379 | 2.514 |
| **Вкупно тековни расходи** | **30.466** | **32.207** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 405 | 1.095 |
| **Вкупно капитални расходи** | **405** | **1.095** |
| **Вкупно расходи** | **30.871** | **33.302** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **2.973** | **710** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **2.973** | **710** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311*

*Овластен Државен ревизор*

---------------------------------------

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 3.629 | 1.979 |
| Побарувања | 54.961 | 55.781 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 20.733 | 20.733 |
| Активни временски разграничувања | 4.650 | 5.237 |
| Залихи | 69.668 | 69.668 |
| **Вкупно тековни средства** | **153.641** | **153.398** |
| **Вкупна актива** | **153.641** | **153.398** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.800 | 6.126 |
| Обврски спрема државата и други институции | 412 | 287 |
| Финансиски и пресметковни односи | 5.500 | 5.500 |
| Пасивни временски разграничувања | 73.261 | 71.817 |
| **Вкупно тековни обврски** | **83.973** | **83.730** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 69.668 | 69.668 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **69.668** | **69.668** |
| **Вкупна пасива** | **153.641** | **153.398** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **-** | **69.668** | **69.668** |
| **Зголемување по основ на:** | **-** | **-** | **-** |
| Набавки | - | | **-** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **-** | **-** | **-** |
| Отпис на капитални средства | | | **-** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | **-** |
| Амортизација | - | | **-** |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **-** | **69.668** | **69.668** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311*

*Овластен Државен ревизор*
---------------------------------------

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

***Бр. 1105-186/18***
***25.07.2007 година***
***С к о п ј е***

Врз основа на член 23 став 6, 7 и 8 од Законот за државна ревизија – пречистен текст (“Сл. весник на РМ” бр. 73/2004) и добиен Приговор по Конечен Извештај за извршена ревизија на Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство на средствата на приходи наплатени од органи за 2006 година број 1104-186/8 од 08.06.2007 година, Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија го донесува следното

# ***Р Е Ш Е Н И Е***

***по поднесен приговор на Конечен извештај***

**1.** Приговорот на наодите во точките 11.2.1; 11.3.1; од Конечниот Извештај за извршената ревизија на Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство на средствата на приходи наплатени од органи за 2006 година од г-дин Ацо Спасеноски, министер, **не се прифаќа**.

**2.** Решението по доставениот приговор на конечниот извештај претставува прилог на конечниот извештај и интегрално се интерпретира во годишниот извештај.

**3.** Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е,***

Против конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство на
на средствата на приходи наплатени од органи за 2006 година број 1104- на 186/8 од 08.06.2007 година.

Образложението за неприфаќање на одделни точки од приговорот е следното:

Приговорот на наодот од точката 11.2.1. од Конечниот извештај, а кој се однесува на неостварени приходи по основ на проширена репродукција од ЈП Македонски шуми, што претставува законска обврска, не се прифаќа. Согласно стандардите за ревизија, ревизорите имаат обврска да ја потврдат целосноста на приходите кои ги остваруваат државните органи што во овој случај не е сторено и. Со оглед на тоа дека овие приходи не се остваруваат согласно Законот за шумите, ревизорот имаше обврска да ја обелодени и причината за тоа која во овој случај е поврзана со лошото финансиско работење на ЈП Македонски шуми како и мерките кои што во таа насока ги превзема Владата на РМ, а кои имаат за ефект помалку остварени приходи по овј основ.

Приговорот на наодот во точка 11.3.1., од Конечниот извештај, кој се однесува на ненаменски потрошени средства остварени од проширена репродукција на шумите, што има директно влијание на реализацијата на Програмата за проширена репродукција на шумите за 2006 година, не се прифаќа, поради не доставени дополнителни докази за оправданоста на ненаменски потрошените средства во вкупен износ од 11,856 илјади денари, кои претставуваат 38,40% од вкупните расходи на оваа сметка.

Согласно горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Скопје, 25.07.2007 година**

**Главен државен ревизор,**

**Д-р Драгољуб Арсовски**